# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

23 август 2013 | Излегува по потреба | Година VIII | број 11



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОЛИЦИСКАТА СТАНИЦА "ГАЗИ БАБА" - СКОПЈЕ, ЗА ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2013 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата, на подрачјето на полициската станица "Гази Баба", за првата половина од 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 19.08.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3747/1**
**од 23.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 13 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 25 став (1) од Законот за полиција ("Службен весник на РМ" бр.114/06, 6/09 и 145/12) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), расправајќи по Информацијата бр.08-3504/1 од 23.07.2013 година, за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица "Гази Баба" - Скопје за првата половина од 2013 година, Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на ден 19.08.2013 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОЛИЦИСКАТА СТАНИЦА "ГАЗИ БАБА" - СКОПЈЕ, ЗА ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2013 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба ја усвојува Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица "Гази Баба" - Скопје, за првата половина од 2013 година.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба, МВР - СВР Скопје - Полициска станица од општа надлежност "Гази Баба" - Скопје и Народниот правобранител на Република Македонија.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3629/3**
**од 19.08.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОТВОРАЊЕ НА НОВА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ГРУПА НА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 2-3 ГОДИНИ, ВО ОБЈЕКТОТ "СОНЧОГЛЕД" ВО ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за отворање на нова воспитно-образовна група на деца на возраст од 2-3 години, во објектот "Сончоглед" на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 19.08.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3747/2**
**од 23.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), член 64 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.03-569/1 од 22.07.2013 година, Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на ден 19.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОТВОРАЊЕ НА НОВА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ГРУПА НА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 2-3 ГОДИНИ, ВО ОБЈЕКТОТ "СОНЧОГЛЕД" НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за отворање на нова воспитно-образовна група на деца на возраст од 2-3 години во објектот "Сончоглед" на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје, врз основа на барање бр. 03-569/1 од 22.07.2013 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3629/4**
**од 19.08.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОТВОРАЊЕ НА НОВА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ГРУПА НА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 4-5 ГОДИНИ, ВО ОБЈЕКТОТ "СОНЦЕ" ВО ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за отворање на нова воспитно-образовна група на деца на возраст од 4-5 години, во објектот "Сонце" на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 19.08.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3747/3**
**од 23.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), член 64 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.03-263/1 од 11.06.2013 година, Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на ден 19.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОТВОРАЊЕ НА НОВА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ГРУПА НА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 4-5 ГОДИНИ, ВО ОБЈЕКТОТ "СОНЦЕ" ВО ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за отворање на нова воспитно-образовна група на деца на возраст од 4-5 години во објектот "Сонце" на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, врз основа на барање бр. 03-263/1 од 11.06.2013 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3629/5**
**од 19.08.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА**
**ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗБОРНИТЕ ТРОШОЦИ**
**НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА, ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ - 2013 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за определување на надоместок за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања, за членови на Советот на Општина Гази Баба и за Градоначалник на Општина Гази Баба, на Локалните избори - 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 19.08.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3747/4**
**од 23.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 86 став (4) од Изборниот законик ("Службен весник на РМ" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13 и 34/13 ), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на ден 19.08.2013 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗБОРНИТЕ ТРОШОЦИ НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА, ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ - 2013 ГОДИНА

## Член 1

Со оваа одлука се определува надоместокот за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања, од чии листи на кандидати се избрани членови на Советот на Општина Гази Баба и Градоначалник на Општина Гази Баба и надоместокот за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања, од чии листи на кандидати не се избрани членови на Советот на Општина Гази Баба и Градоначалник на Општина Гази Баба, ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број на гласови од излезените граѓани на ниво на општина на Локалните избори - 2013 година, согласно официјалните резултати на Државната изборна комисија.

## Член 2

На организаторите на изборната кампања, кои поднеле извештаи за трошоците што се однесуваат на изборната кампања, согласно официјалните резултати на Државната изборна комисија за избор на членови на Советот на Општина Гази Баба, им се определува надоместок од 15,00 денари по добиен глас, и тоа:

| Ред.бр. | политичка партија/коалиција | освоени гласови и % од вкупен број на гласачи | износ на надоместок |
|---|---|---|---|
| 1. | ВМРО - ДПМНЕ и други | 20.194 - 53,69 % | 302.910,00 |
| 2. | ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА - ДУИ | 2.163 - 5,75 % | 32.445,00 |
| 3. | ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ - ДПА | 1.518 - 4,04 % | 22.770,00 |
| 4. | СДСМ и други | 8.850 - 23,53 % | 132.750,00 |
| 5. | ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА - ДОМ* | 946 - 2,52 % | 14.190,00 |

**Вкупно: 505.065,00 денари**

* Согласно известување од Државната изборна комисија, бр.11-2215/2 од 26.07.2013 година со прилог табеларен преглед, не доставиле прв извештај во ДКСК, и со оваа одлука надоместокот предвиден за организаторот на изборната кампања нема да биде исплатен.

## Член 4

На организаторите на изборната кампања, кои поднеле извештаи за трошоците што се однесуваат на изборната кампања, согласно официјалните резултати на Државната изборна комисија за избор на Градоначалник на Општина Гази Баба, им се определува надоместок од 15,00 денари по добиен глас, и тоа:

| Ред.бр. | политичка партија/коалиција | кандидат за Градоначалник | освоени гласови и % од вкупен број на гласачи | износ на надоместок |
|---|---|---|---|---|
| 1. | СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА УНИЈА -СДУ | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ТОДЕВ | 1.037 - 2,76% | 15.555,00 |
| 2. | ВМРО - ДПМНЕ и други | ТОНИ ТРАЈКОВСКИ | 21.231 - 56,45% | 318.465,00 |
| 3. | ДПА | МУХАДИН МУРТЕЗАНИ | 2.022 - 5,38% | 30.330,00 |
| 4. | СДСМ и други | БОРЧЕ СТЕФАНОВСКИ | 10.210 -27,15% | 153.150,00 |

**Вкупно: 517.500,00 денари**

## Член 5

Надоместокот определен со членовите 3 и 4 на оваа одлука, во вкупен износ од 1.022.565,00 (со зборови: еденмилиондваесетидвеилјадипетстотинишеесетипет) денари, ќе биде исплатен од Буџетот на Општина Гази Баба за 2013 година.

## Член 6

Се задолжува секторот за финансиски прашања, износот од член 5 на оваа одлука, намален за износот од 14.190,00 денари предвиден за организаторот на изборната кампања - Демократската обнова на Македонија - ДОМ, да го исплати на организаторите на изборната кампања од член 3 и член 4 на оваа одлука, односно 1.008.375,00 денари (со зборови: еден-милионосумилјадитристаседумдесетипет) денари.

Предвидениот надомест за организаторот на изборната кампања - Демократска обнова на Македонија - ДОМ, ќе се исплати по добивање на официјално известување од страна на Државната изборна комисија дека организаторите на изборната кампања, законската обврска ја има исполнето во целост.

## Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3629/6**
**од 19.08.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ОД ПРИРОДНА НЕПОГОДА (НЕВРЕМЕ) НА 23.06.2013 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Елаборатот за проценка на штети на подрачјето на Општина Гази Баба, од природната непогода (невреме) на 23.06.2013 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 19.08.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3747/5**
**од 23.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 143 став (4) од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.93/12 - пречистен текст), точка 13 од Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди ("Службен весник на РМ" бр.75/01), а во врска со член 3 став (1) точка 3 од Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/13 и 9/13), Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и другу несреќи ("Службен весник на РМ" бр.98/05 и 152/10) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), расправајќи по Збирниот извештај (елаборат) на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба и стручната комисија од надворешни соработници, бр.07-3616/1 од 06.08.2013 година, Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на ден 19.08.2013 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ**
**ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**ОД ПРИРОДНА НЕПОГОДА (НЕВРЕМЕ) НА 23.06.2013 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува Елаборатот за проценка на штети на подрачјето на Општина Гази Баба, од природната непогода (невреме) на 23.06.2013 година, на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба и стручната комисија од надворешни соработници, бр.07-3616/1 од 06.08.2013 година.

2. Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба, примерок од овој заклучок и Елаборатот бр.07-3616/1 од 06.08.2013 година, да ги достави до Влада на Република Македонија - Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на понатамошно постапување.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3629/7**
**од 19.08.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА**
**УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ**
**И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2013 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Јуни 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 19.08.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3747/6**
**од 23.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 32 став (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), расправајќи по Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Јуни 2013 година, Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на ден 19.08.2013 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2013 ГОДИНА**

1. Се усвојува Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Јуни 2013 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3629/8**
**од 19.08.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2013 ГОДИНА**

# 1. Вовед

## 1.1 Основни податоци за Општината

**-Општина Гази Баба** е формирана на 3 ноември 1976 година.

**-Број на жители**

Во Општина Гази Баба живеат 76.458 жители од кои според етничката припадност 73,5% се Македонци; 17,3% се Албанци; 2,9% се Срби; 2,9% се Роми; 0,8% се Турци; 0,3% се Власи и 1,3% се останати.

**-Просечна возраст**

Просечна возраст на населението во Општина Гази Баба е 35,4 години, до 20 години 27,4%, до 40 години 58,6%, 60 години и повеќе 14,4%.

**-Површина и населени места**

Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 км2 од која голем дел припаѓа на руралниот дел со 59,8 км2 обработливо земјиште. Населени места во општината се: Автокоманда, Железара, Ќерамидница, Хиподром, Маџари 1, Маџари 2, Триангла, Вардариште, Крсте Мисирков, Јане Сандански, Тубарево, Гоце Делчев, Питу Гули, Јурумлери, Колонија Идризово, Инџиково, Стајковци, Алија Авдовиќ, Страчинци, Цршево, Смиљковци, Виниче, Булачани, Раштак и Брњарци кои се организирани во 25 месни заедници, 10 во урбаниот дел и 15 во руралниот дел на општината .

**Скопје - Општина Гази Баба**



# I. ПРИХОДИ

Вкупните приходи во буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-јуни 2013 година се остварени во вкупен износ од **278.081.927,00** денари или **30,71%** во однос на вкупно планираните приходи во Буџетот за 2013 година во износ од **905.614.000,00** денари. Планираните приходи во Буџетот за 2013 година, остварените приходи за периодот јануари-јуни 2013 година и реализираните приходи за периодот јануари-јуни 2012 година групирани по оделни видови на приходи изнесуваат:

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | Буџет | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2013 година | II - Кватрал 2012 година | II- Кватрал 2013 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 251.150.000 | 63.399.499 | 56.536.996 | 22,51% | 89,18% |
| | 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 6.080.000 | 2.343.750 | 2.022.089 | 33,26% | 86,28% |
| | 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 82.000.000 | 31.504.802 | 27.653.777 | 33,72% | 87,78% |
| | 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 65.300.000 | 33.893.505 | 15.113.321 | 23,14% | 44,59% |
| 1 | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ | 404.530.000 | 131.141.556 | 101.326.183 | 25,05% | 77,26% |
| 2 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ | 342.000.000 | 171.848.047 | 157.699.310 | 46,11% | 91,77% |
| 3 | | ВКУНПО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 6.500.000 | 1.159.466 | 1.010.241 | 15,54% | 87,13% |
| 4 | | ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | 62.000.000 | 22.399.660 | 18.046.193 | 29,11% | 80,56% |
| 5 | | ВКУНПО ПРИХОДИ ОД КРЕДИТИ | 90.584.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 905.614.000 | 326.548.729 | 278.081.927 | 30,71% | 85,16% |

**Приходите на Основниот буџет** се остварени во износ од **101.326.183,00** денари или 25,05% во однос на планираните приходи во Буџетот за 2013 година кои изнесуваат 404.530.000,00 денари.

Кај **Приходи од донации** бележиме остварување од **1.010.241,00** денари или 15,54% во однос на планот за периодот јануари-јуни 2013 година.

**Приходите од блок дотациите** наменети за финансирање на основните училишта и детските градинки на територија на Општината се остварени во износ од **157.699.310,00** денари или 46,11% во однос на планираните во Буџетот за 2013 година кои изнесуваат 342.000.000,00 денари и

**Приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки се остварени во износ од **18.046.193,00** денари или 29,11% во однос на планираните во Буџетот за 2013 година кои изнесуваат 62.000.000,00 денари.

Споредено со истиот период од 2012 година вкупни приходи бележат остварување со индекс од 85,16% од кои :

- Приходите на Основниот буџет се со индекс од 77,26%,
- Приходите од блок дотациите за основните училишта и детските градинки со индекс од 91,77%,
- Приходите од донации со индекс од 87,13%, и
- Приходите од самофинансирачки активности на основните училишта и детските градинки со индекс од 80,56%.

Графичкиот приказ на остварените приходи на Општината за периодот јануари-јуни 2013 година и на нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2013 година класифицирани по одделни видови на приходи може да се види од следното :




Структурата на приходите на основниот буџет на општината како и нивниот план и реализацијата се претставени во следниот график:




Аналитичкиот приказ на остварувањето на оделните видови на приходи на буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-јуни 2013 година година по ставки и подставки и нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2013 година и со остварените приходи за истиот период во 2012 година е даден во следниот табеларен преглед :

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | Буџет | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2013 година | II - Кватрал 2012 година | II- Кватрал 2013 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 905.614.000 | 326.548.729 | 278.081.927 | 30,71% | 85,16% |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ | 404.530.000 | 131.141.556 | 101.326.183 | 25,05% | 77,26% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **251.150.000** | **63.399.499** | **56.536.996** | **22,51%** | **89,18%** |
| 1 | **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **13.050.000** | **5.516.138** | **5.784.343** | **44,32%** | **104,86%** |
| | 711111 | Данок на плати на вработени лица корисници на средства од Буџетот на РМ и на ЕЛС. | 3.500.000 | 1.451.210 | 1.455.084 | 41,57% | 100,27% |
| | 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва и јавни претпријатија | 8.800.000 | 3.719.584 | 3.990.695 | 45,35% | 107,29% |
| | 711114 | Данок на плати остварени во странство | 100.000 | 48.023 | 32.118 | 32,12% | 66,88% |
| | 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 400.000 | 195.851 | 243.408 | 60,85% | 124,28% |
| | 711139 | Данок на доход на приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 230.000 | 96.787 | 62.898 | 27,35% | 64,99% |
| | 711140 | Камата за ненавремено плаќање на персонален данок на доход од занаетчиска дејност | 20.000 | 4.683 | 140 | 0,70% | 2,99% |
| 2 | **713** | **Даноци на имот** | **65.000.000** | **25.448.684** | **21.628.492** | **33,27%** | **84,99%** |
| | 713111 | Данок на имот | 12.500.000 | 7.464.429 | 6.562.277 | 52,50% | 87,91% |
| | 713113 | Данок на имот од правни лица | 15.000.000 | 6.835.900 | 5.712.184 | 38,08% | 83,56% |
| | 713211 | Данок на наследство и подарок | 5.000.000 | 1.184.780 | 1.072.006 | 21,44% | 90,48% |
| | 713311 | Данок на промет на недвижности | 21.000.000 | 6.624.759 | 5.392.993 | 25,68% | 81,41% |
| | 713312 | Данок на промет на недвижности по повисока стапка | 11.000.000 | 3.319.902 | 2.768.196 | 25,17% | 83,38% |
| | 713512 | Камата за ненавремено плаќање на данокот на имот | 500.000 | 18.914 | 120.836 | 24,17% | 638,87% |
| 3 | **717** | **Даноци на специфични услуги** | **173.000.000** | **32.420.619** | **29.113.316** | **16,83%** | **89,80%** |
| | 717112 | Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 10.000.000 | 4.928.864 | 4.878.432 | 48,78% | 98,98% |
| | 717115 | Комунална такса за користење на улици со возила што се плаќа при регистрација на возилата | 3.400.000 | 1.643.786 | 1.290.446 | 37,95% | 78,50% |
| | 717116 | Комунална такса за користење и одржување на јавно осветление | 41.000.000 | 14.072.174 | 16.537.021 | 40,33% | 117,52% |
| | 717131 | Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | 200.000 | 65.585 | 92.004 | 46,00% | 140,28% |
| | 717129 | Др.комунални такси(витрини,музика и сл.) | 100.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 717135 | Комунална такса за користење на плоштади и деуг простор. | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 118.300.000 | 11.710.210 | 6.315.413 | 5,34% | 53,93% |
| 4 | **718** | **Такси на користење или дозволи за вршење на дејност** | **100.000** | **14.058** | **10.845** | **10,85%** | **77,14%** |
| | 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно Гр. Ск. | 100.000 | 14.058 | 10.845 | 10,85% | 77,14% |
| | **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **6.080.000** | **2.343.750** | **2.022.089** | **33,26%** | **86,28%** |
| 5 | **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **1.000.000** | **508.720** | **481.915** | **48,19%** | **94,73%** |
| | 722315 | Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата | 1.000.000 | 508.720 | 481.915 | 48,19% | 94,73% |
| 6 | **723** | **Такси и надоместоци** | **600.000** | **91.417** | **185.000** | **30,83%** | **202,37%** |
| | 723911 | Закупнина од објекти | 500.000 | 74.000 | 185.000 | 37,00% | 250,00% |
| | 723914 | Приходи од закупн.на општествен имот | 100.000 | 17.417 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 7 | **724** | **Други владини услуги** | **480.000** | **87.000** | **110.471** | **23,01%** | **126,98%** |
| | 724112 | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 724125 | Приходи од тендери (јавни нарачки) | 480.000 | 87.000 | 110.471 | 23,01% | 126,98% |
| 8 | **725** | **Други неданочни приходи** | **4.000.000** | **1.656.613** | **1.244.703** | **31,12%** | **75,14%** |
| | 725939 | Останати неданочни приходи | 4.000.000 | 1.656.613 | 1.244.703 | 31,12% | 75,14% |
| | **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **82.000.000** | **31.504.802** | **27.653.777** | **33,72%** | **87,78%** |
| 9 | **733** | **Продажба на земјиште и нематеријални вложувања** | **82.000.000** | **31.504.802** | **27.653.777** | **33,72%** | **87,78%** |
| | 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно замјиште на Р.М. | 2.000.000 | 1.322.758 | 15.591 | 0,78% | 1,18% |
| | 733118 | Надомест за концесии за детални геолошки истражувања | 2.500.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 733119 | Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини ( по основа на простор) | 500.000 | 304.439 | 155.688 | 31,14% | 51,14% |
| | 733120 | Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини по основа на експлоатирана минерална суровина) | 1.500.000 | 748.737 | 353.254 | 23,55% | 47,18% |
| | 733131 | Приходи од надомест за закупнина | 500.000 | 392.385 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 733132 | Приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште | 37.000.000 | 8.052.380 | 1.967.240 | 5,32% | 24,43% |
| | 733144 | Надоместок за утврдување на статус на бесправно изградени објекти | 38.000.000 | 20.684.103 | 25.162.004 | 66,22% | 121,65% |
| | **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **65.300.000** | **33.893.505** | **15.113.321** | **23,14%** | **44,59%** |
| 10 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **65.300.000** | **33.893.505** | **15.113.321** | **23,14%** | **44,59%** |
| | 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 500.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 7.500.000 | 1.500.000 | 1.900.000 | 25,33% | 126,67% |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 0 | 22.509.439 | 5.583.651 | 0,00% | 24,81% |
| | 741115 | Дотации на општината, од приходи од ДДВ | 18.300.000 | 6.636.725 | 7.629.670 | 41,69% | 114,96% |
| | 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 39.000.000 | 3.247.341 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ** | **342.000.000** | **171.848.047** | **157.699.310** | **46,11%** | **91,77%** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **11** | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **342.000.000** | **171.848.047** | **157.699.310** | **46,11%** | **91,77%** |
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активности од образованието | 270.000.000 | 126.885.794 | 127.566.000 | 47,25% | 100,54% |
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активности од соц. заштита | 72.000.000 | 44.962.253 | 30.133.310 | 41,85% | 67,02% |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ** | **6.500.000** | **1.159.466** | **1.010.241** | **15,54%** | **87,13%** |
| **12** | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **0** | **1.159.466** | **1.010.241** | **0,00%** | **87,13%** |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 0 | 1.159.466 | 1.010.241 | 0,00% | 87,13% |
| | 741117 | Наменска донација | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| **13** | **742** | **Донации од странство** | **1.500.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 742111 | Приходи од ОН | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 742119 | Други општи и тековни донации | 1.500.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| **14** | **743** | **Капитални донации** | **3.500.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 743211 | Капитални донации | 3.500.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| **15** | **744** | **Тековни донации** | **1.500.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 744111 | Донации од приватни компании | 1.500.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** | **62.000.000** | **22.399.660** | **18.046.193** | **29,11%** | **80,56%** |
| **16** | **723** | **Такси и надоместоци** | **62.000.000** | **22.399.660** | **18.046.193** | **29,11%** | **80,56%** |
| | 723116 | Надоместоци за оброци во училишта, градинки и други институции | 62.000.000 | 22.399.660 | 18.046.193 | 29,11% | 80,56% |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД КРЕДИТИ** | **90.584.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| 17 | **754** | **Друго домашно задолжување** | **90.584.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 754111 | Друго домашно задолжување | 90.584.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |

Од прикажаните податоци во табелата може да се види дека вкупните приходи на **Основниот буџет** на Општината за периодот јануари-јуни 2013 год. се остварени во износ од **101.326.183,00** денари или 25,05% што претставува пониско остварување во однос на истиот период во 2012 година за 22,74%. Битно е да се нагласи дека послабото остварување на приходите е во најголем дел резултат на промената во методологијата за изготвување на финансиските извештаи на општините согласно насоките дадени од Министерство за финансии според кои целокупното салдо од ставката 741114-пренесениот вишок од предходната година не го бележиме како реализиран приход во тековната година туку има третман на прилив и се бележи само по покривање на реализиран расход.

Приходите во буџетот на општината имаат солидно остварување и тоа кај :

- Приходите од **данокот на доход**, од добивка и од капитални добивки кои се остварени во износ од **5.784.343,00** денари односно со индекс од 44,32% во однос на планираните за 2013 година во износ од 13.050.000,00 денари. Споредбено со истиот период од 2012 година постои зголемување во наплатата од 4,86%.

Во 2012 година приходите од **даноците на имот** се остварени во износ од **21.628.492,00** денари и индекс од 33,27% во однос на планираните 65.000.000,00 денари во Буџетот за 2013 година од кои повисока наплата е реализирана кај данокот на имот од физички лица со индекс од 52,50%. Зголемувањето во наплатата кај данокот на имот настана како резултат на континуираните активности во ажурирањето на базата на даночни обврзници и променетиотна начинот на дистрибуција на даночните решенија која по втор пат и оваа година дистрибуцијата на истите ја изврши Општина Гази Баба, која во предходните година ја вршеше А.Д. Македонски пошти.

Приходите од **данокот на специфични услуги** бележат остварување во износ од **29.113.316,00** денари или 16,83% во однос на планираните приходи во Буџетот за 2013 година кои по овој основ се планирани 173.000.000,00 денари во чии рамки спаѓаат приходите од комуналната такса за улично осветлување со индекс од 40,33% или 16.537.021,00 денари, приходите од комунални такси за истакнување на реклами и фирмарина со индекс од 49,29% или 4.878.432,00 денари во однос на планираните 10.000.000 денари за 2013 година и приходи од надоместок за уредување на градежно земјиште во износ од 6.315.413,00 денари односно со индекс од 5,34%.

Приходите од **такси за дозволи за вршење на дејност** изнесуваат **10.845,00** денари или 10,85% во однос планираните 100.000,00 денари за 2013 година.

Приходите од **глоби, судски и административни такси** изнесуваат **481.915,00** денари или 48,19% во однос планираните 1.000.000,00 денари за 2013 година.

Приходите од **такси и надоместоци** се остварени во износ од **185.000,00** денари односно со индекс од 30,83% во однос на планираните 600.000,00 денари за 2013 год.

Приходите од **други владини услуги** изнесуваат **110.000,00** денари или 23,01% во однос планираните 480.000,00 денари за 2013 година.

- Приходи од **други неданочни приходи** бележат остварување во износ од **1.244.703,00** денари односно 31.12 % во однос на планираните 4.000.000 денари.

Приходите од **продажба на земјиште и нематеријални вложувања** се остварени во износ од **27.653.777,00** денари со индекс од 33,72% во однос на планираните 82.000.000,00 денари за 2013 година, во чии рамки спаѓаат приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште со остварен износ од 1.967.240,00 денари односно 5,32% во однос на планот и надоместокот за утврдување на статус на бесправно изградени објекти со остварување од 25.162.004,00 денари односно 66,22% во однос на планот кој изнесува 38.000.000,00 денари.

- **Трансфери од други нивоа на власт** со индекс од 23,314% односно **15.113.321,00** денари.

За периодот јануари-јуни 2013 година во делот на **наменските блок дотации** за финансирање на основните училишта и детските градинки бележиме приходи од **трансфери од други нивоа на власт** во износ од **157.699.310,00** денари. Во овој период средствата беа редовно префрлани на наменската сметка на Општината за извршување на активностите кај овие корисници и истите бележат остварување од 46,11% во однос на планираните за 2013 година. Во делот **на приходите од донации** бележиме остварување од 1.010.241,00 денари или 15,54% во однос на планот.

Кај **приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки бележиме остварување во износ од 18.046.193,00 денари или 29,11% во однос на планираните додека **приливот од кредити** ќе бидат наменет за финансирање на расходите на ниво од 90.584.000,00 денари предвидени со развојните програми импламантирани во Буџетот за 2013 година, со кои се предвидува користење на кредит од Светската банка преку Министерство за финансии на Р. Македонија за изградба на нова зграда на О.У.,, Григор Прличев,, и претставува надополнување на приходите за покривање на дефицитот финансиран од приливи од странски заем.

## II. РАСХОДИ

За периодот јануари-јуни 2013 година реализирани се вкупни расходи на Буџетот на Општина Гази Баба во износ од **273.566.923,00** денари или **30,21%** во однос на вкупно планираните расходи кои за 2013 година изнесуваат **905.614.000,00** денари, што претставува речиси идентично остварување на расходите во однос на истиот период во 2012 година.

Планираните расходи со Буџетот за 2013 година, извршените расходи за периодот јануари-јуни 2013 година и извршените расходи за истиот период за 2012 година кои се класифицирани по оделни програми и подпрограми во Буџетот на Општина Гази Баба може да се видат од следната табела:

| РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | Буџет | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2013 година | II - Кватрал 2012 година | II - Кватрал 2013 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | А0 | Совет на општина | 7.350.000 | 2.790.484 | 2.845.033 | 38,71% | 101,95% |
| 2 | Д0 | Градоначалник | 7.630.000 | 2.884.719 | 1.951.735 | 25,58% | 67,66% |
| 3 | Е0 | Општинска администрација | 78.800.000 | 30.593.865 | 31.346.582 | 39,78% | 102,46% |
| 4 | ЕА | Капитални трошоци на општината | 8.400.000 | 190.901 | 2.311.926 | 27,52% | 1211,06% |
| 5 | Ф1 | Урбанистичко планирање | 18.000.000 | 3.868.049 | 1.187.534 | 6,60% | 30,70% |
| 6 | Ф2 | Уредување на градежно земјиште | 2.000.000 | 812.992 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 7 | ФА | Уредување на градежно земјиште (капит. трошоци) | 124.650.000 | 22.710.195 | 24.267.660 | 19,47% | 106,86% |
| 8 | Г1 | Поддршка на локалниот економски развој | 8.070.000 | 0 | 535.540 | 6,64% | 0,00% |
| 9 | Ј3 | Јавно осветлување | 25.300.000 | 24.868.319 | 14.185.549 | 56,07% | 57,04% |
| 10 | Ј4 | Јавна чистота | 14.250.000 | 3.625.583 | 6.126.508 | 42,99% | 168,98% |
| 11 | Ј6 | Одржување на лок.патишта, улици и регул. на сообраќај | 5.700.000 | 2.278.183 | 1.833.700 | 32,17% | 80,49% |
| 12 | Ј7 | Одржување и користење на зеленило | 300.000 | 470.772 | 2.660 | 0,89% | 0,57% |
| 13 | ЈА | Изградба на јавно осветлување | 27.400.000 | 0 | 12.478.526 | 45,54% | 0,00% |
| 14 | ЈД | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 7.800.000 | 1.804.691 | 525.016 | 6,73% | 29,09% |
| 15 | ЈИ | Изградба на системи за отпадни води | 38.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 16 | ЈН | Урбана опрема | 3.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 17 | К4 | Културни манифестации и творештво | 4.100.000 | 1.507.283 | 825.858 | 20,14% | 54,79% |
| 18 | КА | Културни манифестации и творештво(капитални трошоци) | 5.000.000 | 4.547.341 | 175.216 | 3,50% | 3,85% |
| 19 | Л0 | Спорт и рекреација | 3.030.000 | 621.123 | 727.140 | 24,00% | 117,07% |
| | Н10 | Образование | 30.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 20 | НА | Образование (капитални расходи) | 3.950.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 21 | ВА | Социјална заШтита и заштита на деца | 9.250.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | **420** | **Патни и дневни расходи** | **140.000** | **17.500** | **59.651** | **42,61%** | **340,86%** |
| | 420220 | Патување во странство | 140.000 | 17.500 | 59.651 | 42,61% | 340,86% |
| 88 | **425** | **Договорни услуги** | **180.000** | **60.550** | **178.405** | **99,11%** | **294,64%** |
| | 425790 | Превозни услуги во образованието | 180.000 | 60.550 | 178.405 | 99,11% | 294,64% |
| | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **180.000** | **87.546** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 423110 | Прехранбени продукти и пијалаци | 180.000 | 87.546 | | 0,00% | 0,00% |
| 98 | **В1** | **Детски градинки** | **600.000** | **74.508** | **39.566** | **6,59%** | **53,10%** |
| 72 | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **600.000** | **74.508** | **39.566** | **6,59%** | **53,10%** |
| | 423110 | Канцелариски материјали | 100.000 | 74.508 | 39.566 | 0,00% | 53,10% |
| | 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 500.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 99 | **ЕА** | **Општинска администрација** | **1.600.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | **482** | Други градежни објекти | **1.600.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 482920 | Изградба на други објекти | 1.600.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД САМОФИНАНС. АКТИВНОСТИ** | **62.000.000** | **16.873.157** | **14.314.535** | **23,09%** | **84,84%** |
| | | **РАСХОДИ ОД САМОФИН. АКТИВНОСТИ ОСН. ОБРАЗОВАНИЕ** | **32.426.000** | **7.551.827** | **4.306.840** | **13,28%** | **57,03%** |
| 101 | **420** | **420 - патни и дневни расходи** | 495.000 | 4.060 | 39.190 | **7,92%** | **965,27%** |
| 102 | **421** | **421 - комуналии** | 1.400.000 | 187.952 | 411.948 | **29,42%** | **219,18%** |
| 103 | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | 14.600.000 | 4.782.954 | 2.102.633 | **14,40%** | **43,96%** |
| 104 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | 4.600.000 | 1.044.285 | 399.369 | **8,68%** | **38,24%** |
| 105 | **425** | **Договорни услуги** | 7.000.000 | 938.538 | 1.031.619 | **14,74%** | **109,92%** |
| 106 | **426** | **Други тековни расходи** | 905.000 | 208.238 | 214.881 | **23,74%** | **103,19%** |
| 107 | **480** | **Купување на опрема и машини** | 920.000 | 0 | 25.500 | **2,77%** | **0,00%** |
| 108 | **482** | **Други градежни објекти** | 400.000 | 385.800 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 109 | **483** | **Купување на мебел** | 2.106.000 | 0 | 81.700 | **3,88%** | **0,00%** |
| | | **РАСХОДИ ОД САМОФИН. АКТИВНОСТИ СОЦ. ЗАШТИТА** | **29.574.000** | **9.321.330** | **10.007.695** | **33,84%** | **107,36%** |
| 110 | **420** | **420 - патни и дневни расходи** | 230.000 | 0 | 20.835 | **9,06%** | **0,00%** |
| 111 | **421** | **421 - комуналии** | 5.000.000 | 2.104.067 | 2.095.496 | **41,91%** | **99,59%** |
| 112 | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | 16.400.000 | 5.599.024 | 6.218.838 | **37,92%** | **111,07%** |
| 113 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | 3.534.000 | 1.266.382 | 910.454 | **25,76%** | **71,89%** |
| 114 | **425** | **Договорни услуги** | 1.540.000 | 202.145 | 411.722 | **26,74%** | **203,68%** |
| 115 | **426** | **Други тековни расходи** | 490.000 | 89.166 | 150.340 | **30,68%** | **168,61%** |
| 116 | **480** | **Купување на опрема и машини** | 580.000 | 0 | 200.010 | **34,48%** | **0,00%** |
| 117 | **483** | **Купување на мебел** | 150.000 | 60.546 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 118 | **485** | **Вложувања и нефинансиски средства** | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 119 | **486** | **Купување на возила** | 1.650.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | | **ВКУНПО РАСХОДИ ОД КРЕДИТИ** | **90.584.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | **НА** | Основно образование (капитални трошоци) | **90.584.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| 94 | 481 | **Градежни објекти** | **90.584.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 481220 | Набавка или нова изградба на деловни објекти | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |

За финансирање на **Програмата на Советот на Општината** планирани се расходи во висина од **7.350.000,00** денари. Во периодот јануари-јуни 2013 година се потрошени вкупно 2.845.033,00 денари или 38,71% во однос на планот. Од овие средства најголем дел беа искористени за исплата на:

-надоместоци на советниците во износ од 2.438.966,00 денари или 46,46% во оснос на планот,

-персонален данок на исплатениот надоместок на советниците во вкупен износ од 276.864,00 денари односно со 42,59% во однос на планираните,

-трошоци за репрезентација во износ од 14.691,00 денари односно со 3,67% во однос на планираните.

Расходите кои во периодот јануари-јуни 2013 година беа извршени за финансирање на активностите на **Програмата на Градоначалникот** во износ од **1.951.735,00** денари, во однос на планираните средства во висина од 7.630.000,00 денари беа остварени со

индекс од 25,58%. Пониско остварување во однос на планираните расходи бележат расходите за репрезентација со 29,15% во однос на планираните односно 582.910,00 денари, трансфери при пензионирање во износ од 333.900,00 денари и индекс од 27,83% и еднократната парична помош и помош во натура во износ од 486.501,00 денари и со индекс од 28,62%.

Во делот на расходите за репрезентација најголемиот дел се однесуваат на средствата потрошени за реализација на разни програмски културни и спортски манифестации, како и за набавка на награди и признанија кои беа доделени на манифестациите организирани и одржани во Општината за периодот јануари-јуни 2013 година. Останатите видови на расходи во овој период се извршени многу пониско од планираното извршување, а дел од планираните трошоци воопшто и не се извршени.

Расходите за финансирање на **Програмата за Општинската администрација** за периодот јануари-јуни 2013 година се извршени во износ од **31.346.582,00** денари и истите се остварени со индекс од 39,78% во однос на предвидените со Буџетот за 2013 година кои изнесуваа 78.800.000,00 денари. Повисоко извршување во однос на планираните бележат расходите за:

-патување во странство-хранарина во износ од 39.407,00 денари или 131,36%,

-електрична енергија во износ од 1.331.401,00 денари односно 57,89%,

-телефон и телефакс во износ од 1.657.502,00 денари односно 51,80%,

-други материјали во износ од 230.350,00 денари или 57,59%,

-одржување на други градби во износ од 151.834,00 денари или 151,83%,

-други здравствени услуги во износ од 98.550,00 денари односно 65,70%,

-други договорни услуги во износ од 1.323.845,00 денари односно 82,74%,

-објавување на огласи во износ од 633.962,00 денари односно 79,25%,

-плаќања по судски решенија во износ од 100.000,00 денари односно 100,00%,

Во **Програмата на капиталните трошоци на општината** за периодот јануари-јуни 2013 година се реализирани расходи во вкупен износ од **2.311.926,00** денари кои во однос на планираните се реализирани со индекс од 27,52%, од кои најголем дел се однесуваат на расходите за:

-купување на информатичка опрема кои се реализирани во износ од 2.038.265,00 денари со индекс од 135,88% во однос на планираните и

-купување на друга опрема во износ од 39.043,00 денари со индекс од 4,88% во однос на планираните,

-реконструкција на други објекти во износ од 194.951,00 денари со индекс од 64,98% и,

- купување на канцелариски мебел во износ од 77.520,00 денари со индекс од 18,46% во однос на планираните.

За финансирање на **Програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот** (Ф1, Ф2, ФА и ФД) за периодот јануари-јуни 2013 година се потрошени вкупно **25.455.194,00** денари или 17,60% во однос на планираните за 2013 година кои изнесува 144.650.000,00 денари. Во рамките на оваа програма реализирани се следниве трошења по подпрограми:

-урбанистичко планирање со реализација од 1.187.534,00 денари со индекс од 6,60% во однос на планираните,

-кај уредување на градежно земјиште нема реализирано трошење до вториот квартал,

-уредување на градежно земјиште (капитални инвестиции) се реализирани во износ од 24.267.660,00 денари со индекс од 19,47% во однос на планираните.

Кај Програмата за поддршка на локалниот економски развој имаме реализација во износ од 535.540,00 денари или само 6,64% од вкупно планираните во буџетот 8.070.000,00 денари.

Расходите извршени за **Пограмата за комунални дејности** за периодот јануари-јуни 2013 година бележат извршување во износ од вкупно **35.151.959,00** денари или со 28,87% во однос на планот за 2013 година кој изнесува 121.750.000,00 денари. Во рамките на оваа програма кај подпрограмите:

-јавно осветлување се извршени расходи во износ од 14.185.3549,00 денари со индекс од 56,07%. Карактеристично кај јавното осветлување е значајното намалување на овој расход од 42,96% во однос на минатата година односно намалување во износ од 10.682.770,00 денари.

-јавна чистота се извршени расходи во износ од 6.126.508,00 денари со индекс од 42,99%;

- одржување и користење на зеленило во износ од 12.478.526,00 денари или 45,54%,

-одржување и заштита на локалните патишта се остварени расходи во износ од 1.833.700,00 денари, односно со 32,17% во однос на планот,

-изградба на јавно осветлување во износ од 2.660,00 денари или 0,89%,

-изградба и реконструкција на локални патишта се остварени расходи во износ од 525.016,00 денари, односно со 6,73% во однос на планот.

Кај изградба на системи за отпадни води и Потпрограмата урбана опрема во рамките на оваа програма нема трошењето на средствата во овој извештаен период.

Расходите извршени за **Пограмата за култура** за периодот јануари-јуни 2013 година бележат извршување во износ од вкупно **1.001.074,00** денари во однос на планот за 2013 година кој изнесува 9.100.000,00 денари од кои 825.858,00 денари или 20,14% за Потпрограмата културни манифестации и творештво и 175.216,00 денари или 3,50% за Потпрограмата културни манифестации и творештво (капитални трошоци).

Во делот на извршувањето на **расходите од блок дотациите** за 2013 година може да се констатира дека ресорните министерства редовно вршеа префрлање на средствата за блок дотациите за финансирање на активностите на основните училишта и детските градинки. Во овој период основните училишта и детските градинки реализираа расходи во вкупен износ од **156.915.964,00** денари, односно 45,88% од планираните трошења на средства, што придонесе за извршување на планираните активности кај овие корисници. При тоа во основните училишта се реализирани расходи во вкупен износ од 125.807.056,00 денари, односно 46,60% од планираните расходи, а во детските градинки се реализирани расходи во вкупен износ од 31.108.908,00 денари, односно со индекс од 43,21%.

Кај **Расходите од донации** во 2013 година имаме реализација од 1.010.241,00 денари односно 15.54% во однос на планираните во Буџетот за 2013 година кои се планирани во износ од 6.500.000, 00 денари.

Во делот на расходите од **самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки, истите беа реализирани во износ од 14.314.535,00 денари или 23,09% во однос на планираните 62.000.000,00 денари.

Кај **расходите од кредити** не бележиме трошење во вториот квартал од 2013 година.

Треба да се истакне дека во овој извештаен период беше извршен **ребаланс на Буџетот за 2013** година на 3 та седница одржана на 31.05.2013 година во чии рамки

настанаа само внатрешни прераспределби на средствата по ставки со цел поефикасно и пофлексибилно спроведување на функциите на општината.

Врз основа на презентираните податоци за остварување на приходите и за извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-јуни 2013 година може да се констатира дека во целина трошењето на средствата на Буџетот се одвиваше наменски по одделни ставки и подставки и во пониски износи во однос на планираните расходи како резултат на пониско остварените приходи во однос на планираните. Оделните отстапувања се минимални во однос на оние трошења кои се многу пониски во однос на планираните и остварените приходи.

Во прилог на оваа информација се дава и извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-јуни 2013 година на ниво на ставки (троцифрено конто).

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА САНАЦИЈА НА УДАРНИТЕ ДУПКИ НА УЛИЦИТЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за санација на ударните дупки на улиците во надлежност на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 19.08.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3747/7**
**од 23.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), а во врска со Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и општините во Градот Скопје за санација на ударни дупки ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/13), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на ден 19.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА**
**ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ,**
**ЗА САНАЦИЈА НА УДАРНИТЕ ДУПКИ НА УЛИЦИТЕ**
**ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Гази Баба дава согласност за воспоставување соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, и се уредува начинот, условите и финансирањето и други прашања, заради остварување на заедничка цел и интерес кој се однесува на санација на ударните дупки на улиците во надлежност на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Во остварување на соработката, Град Скопје ќе учествува со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје, во периодот 2013-2016 година, во износ од 9.000.000,00 (деветмилиони) денари.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука, Градоначалникот на Општина Гази Баба и Градоначалникот на Град Скопје ќе склучат договор во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3629/9**
**од 19.08.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-Одлука за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 19.08.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3747/8**
**од 23.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 151 став (2), член 211 став (2) и член 212 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), расправајќи по Нацрт-Одлуката за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, поднесена од комисијата за Деловник на Советот на Општина Гази Баба, Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на ден 19.08.2013 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Советот на Општина Гази Баба го утврдува текстот на Нацрт - Одлуката за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, изготвен и поднесен од комисијата за Деловник на Советот на Општина Гази Баба.

2. Се задолжува комисијата за Деловник на Советот на Општина Гази Баба, да изготви Предлог-Одлука за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, и да го достави до Статутарно-правната комисија и до Советот на Општина Гази Баба.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3629/10**
**од 19.08.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН - ДЕЛ ОД ИСТОЧНА ИНДУСТРИСКА ЗОНА, "СРЕДНОШКОЛСКИ ЦЕНТАР", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план - Дел од Источна индустриска зона, "Средношколски центар", Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 19.08.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3747/9**
**од 23.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1), точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 24 став (6) и (7), а во врска со член 26 став (4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на ден 19.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**
**- ДЕЛ ОД ИСТОЧНА ИНДУСТРИСКА ЗОНА, "СРЕДНОШКОЛСКИ ЦЕНТАР",**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план дел од Источна индустриска зона - Средношколски центар, Општина Гази Баба -Скопје.

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план дел од Источна индустриска зона - Средношколски центар, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/02), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11 и 45/12 ).

**Член 2**

Со оваа одлука се опфаќа просторот со површина од 15,66 ха и е во рамките на следните граници:

- **Север:** осовина на бул. " Александар Македонски "
- **Исток:** осовина на железничка пруга - индустриски колосек;
- **На Југ:** осовина на ул." 15-ти Корпус "
- **На Запад:** осовина на бул. " Војводина ".

**Член 3**

Деталниот урбанистички план дел Источна индустриска зона - Средношколски центар, Општина Гази Баба-Скопје, со Тех.бр.У03-09/11, јули 2013 год, изготвен од Друштво за производство, трговија и услуги "ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ" Сашо Иванов ДООЕЛ, Битола - Скопје, содржи:

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А. Текстуален дел:** Документациона основа, 2011 год.

**Вовед**

1. Географско одредување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат
   и неговата околина
3. Природни чинители

4. Создадени вредности
5. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупна супраструктура
6. Инвентаризација на постоечки споменички целини и градби од културно-историско значење
7. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура
8. Инвентаризација на бесправно изградени градби
9. Анализа на степен на реализација на урбанистички план
10. Анализа на можности за просторен развој
11. Извод од ГУП на Град Скопје, 2002 год.
12. Други податоци за планскиот опфат

**Б. Нумерички дел:** Документациона основа, 2011 год.

В**. Графички дел:** Документациона основа, 2011 год.

| | |
|---|---|
| 1.Извод од ГУП на Град Скопје, 2002 год. | 1 : 5000 |
| 2.Извод од претходен ДУП:<br>ДУП Источна индустриска зона - Маџари<br>(Одлука бр. 07-2295/1 од 27.04.1989) | 1 : 1000 |
| 3.Ажурирана геодетска подлога | 1 : 1000 |
| 4.Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби | 1 : 1000 |
| 5.Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд | 1 : 1000 |

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А. Текстуален дел:** Планска документација 2012-2017 год.

1. Вид на план и плански период
2. Географска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од Извод од ГУП на Град Скопје
4. Планска програма
5. Плански концепт
6. Плански концепт на комуналната инфраструктура
    - 6.1. Сообраќајна инфраструктура
    - 6.2. Хидротехничка инфраструктура
    - 6.3. Електро-енергетска инфраструктура
    - 6.4. Телефонска мрежа и пратечки објекти
    - 6.5. Топловодна мрежа
    - 6.6. Гасоводна мрежа
7. Економско образложение
8. Мерки за заштита
9. Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
10. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

**Б. Нумерички дел:** Планска документација 2012-2017 год.

**В. Графички дел:** Планска документација 2012-2017 год.

| | |
|---|---|
| 1.План на намена на земјиштето и градбите<br>Регулационен план и план на површини за градење<br>План на зеленило | 1 : 1000 |
| 2. Сообраќаен план и нивелациски план | 1 : 1000 |
| 3. Инфраструктурен план | 1 : 1000 |
| 4. Синтезен план | 1 : 1000 |

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" 142/10, 64/11, 98/11, 169/11 и 45/12 ).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план дел од Источна индустриска зона Средношколски центер, Општина Гази Баба-Скопје, се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба, во рок од 30 дена од донесувањето на оваа одлука, ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталниот урбанистички план .

**Член 6**

Деталниот урбанистичкиот план со сите негови делови се чува, следи и за негова реализација ќе се грижи секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3629/11**
**од 19.08.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12 и 10/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН - ИСТОЧНА ИНДУСТРИСКА ЗОНА, ЛОКАЛИТЕТ "ПИВАРА", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план - Источна индустриска зона, Локалитет - "ПИВАРА", Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 19.08.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3747/10**
**од 23.08.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1), точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 24 став (6) и (7), а во врска со член 26 став (4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на ден 19.08.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**
**- ИСТОЧНА ИНДУСТРИСКА ЗОНА, ЛОКАЛИТЕТ "ПИВАРА",**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план-Источна индустриска зона, Локалитет - ПИВАРА , Општина Гази Баба -Скопје.

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план-Источна индустриска зона, Локалитет - ПИВАРА, Општина Гази Баба-Скопје, ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/02), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11 и 45/12).

**Член 2**

Со оваа одлука се опфаќа просторот со површина од 15,57 ха и е во рамките на следните граници:

**-На Исток:** осовина на бул "Војводина" до пресечна точка со осовина на ул."Романија", се движи од јужната страна по осовина на ул." Романија " и свртува на југ и се движи по КП на Македонски железници ;

-**На Југ:** осовината на железничка пруга

**-На Запад:** по КП на ф-ка Европа до пресечна точка со осовина на улица "Романија ", се движи на исток по осовина на ул. "Романија",свртува на север по КП на ф-ка Алкалоид, свртува кон исток по КП на ф-ка Алкалоид, до пресечна точка со изведена улица "1", свртува на север по осовина на ул." 1 "до пресечна точка со осовина на бул."Александар Македонски "

**-На Север:** осовина на бул. "Александар Македонски"

**Член 3**

Деталниот урбанистички план Источна индустриска зона, Локалитет - ПИВАРА , Општина Гази Баба-Скопје, со Тех.бр. 117/2011 , јуни 2013год, изготвен од ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА ИН-ПУМА-Скопје, содржи:

## ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

### Текстуален дел

1. Географско и геодетско одредување на подрачје на планскиот опфат
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачје на планскиот опфат и неговата околина
3. Податоци за природни чинители кои можат да влијаат на развојот на територијата
   - 3.1 Климатски карактеристики
   - 3.2 Хидролошки карактеристики
   - 3.3 Инжинерско-геолошки карактеристики
   - 3.4 Вегетациски карактеристики и пејсаж
4. Податоци за создадени вредности и чинители
5. Инвентаризација и снимка на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
   - 5.1 Билансни показатели
6. Инвентаризација на постоечки споменични целини , градби од културно-историско значење и културни предели
7. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура
   - 7.1 Телефонска мрежа
   - 7.2 Хидротехничка инфраструктура
     - Водоснабдување
     - фекална канализација
     - Атмосферска
   - 7.3 ГА-МА
   - 7.4 Топлификација А.Д - Скопје
8. Инвентаризација и снимка на бесправно изградените градби
9. Анализа на степен на реализација
10. Анализа на можностите за просторен развој со програмска проекција
11. Извод од план од повисоко ниво
12. Други прилози

### Графички дел

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Извод од ГУП | 1/5000 |
| 2. | Извод од ДУП | 1/1000 |
| 3. | Ажурирана геодетска подлога | 1/1000 |
| 4. | Инвентаризација и снимка на бесправно Изградени објекти | 1/1000 |
| 5. | Инвентаризација на изграден градежен фонд и постојна физичка супраструктура | 1/1000 |
| 6. | Инвентаризација на постојна комунална инфраструктура | 1/1000 |
| 7. | Сателитска снимка | 1/1000 |

## ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Текстуален дел

1. Вид на план, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од извод од план од повисоко ниво
4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт за простореniот развој и хармонизација на просторот

6. Опис и образложенија на планските решенија
  6.1 Наменска употреба на земјиште
  6.2 Класа на намени
  6.3 Сообраќајно решение
  6.4 Попречни профили на сообрачајна инфраструктура
  6.5 Нивелманско решение
  6.6 Мерки за заштита
  6.7 Електро-енергетска и ПТТ инсталации
  6.8 Улично осветлување
  6.9 Телефонска мрежа
  6.10 Хидротехничка инфраструктура
7. Економско образложение

**НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**
1. Нумерички показатели

2. Билансни показатели

Документациона основа
Планиран развој

**УСЛОВИ ЗА ГРАДБА**
1.Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
2.Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбитена секоја урбанистичка единица за планирање чиишто граници се утврдени со планот

**Графички дел**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Регулационен план и површини за градба | 1/1000 |
| 2. | Сообраќаен и нивелациски план | 1/1000 |
| 3. | Комунална инфраструктура | 1/1000 |
| - Синтезен план | | 1/1000 |

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" 142/10, 64/11, 98/11, 169/11 и 45/12 ).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план Источна индустриска зона, Локалитет- ПИВАРА, Општина Гази Баба-Скопје, се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба, во рок од 30 дена од донесувањето на оваа одлука, ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталниот урбанистички план.

**Член 6**

Деталниот урбанистичкиот план со сите негови делови се чува, следи и за негова реализација ќе се грижи секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3629/12**
**од 19.08.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Статутарно-правна комисија**
**Бр.07-3669/1 од 16.08.2013 година**
С К О П Ј Е

По извршеното срамнување на изворниот текст на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба, бр.07-3044/7 од 15.07.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/13), Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, на ден 16.08.2013 година, ја дава следната

**И С П Р А В К А**

1. Во Статутарната одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба, бр.07-3044/7 од 15.07.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/13), донесена на Шесттата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 15.07.2013 година, и тоа:

- Во член 2, стои:

- "Комисија за еднакви можности **меѓу** жените и мажите", треба да стои:

- "Комисија за еднакви можности на жените и мажите".

2. Оваа исправка ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.11/13, и станува составен дел на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба, бр.07-3044/7 од 15.07.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/13).

**СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА**

**Претседател,**
**Милан Андоновски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата, на подрачјето на полициската станица ''Гази Баба'', за првата половина од 2013 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

**ОДЛУКА** за давање согласност за отворање на нова воспитно–образовна група на деца на возраст од 2–3 години, во објектот ''Сончоглед'' на ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' – Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . . . 6

**ОДЛУКА** за давање согласност за отворање на нова воспитно–образовна група на деца на возраст од 4–5 години, во објектот ''Сонце'' на ЈУДГ ''25 МАЈ'' – Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8

**ОДЛУКА** за определување на надоместок за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања, за членови на Советот на Општина Гази Баба и за Градоначалник на Општина Гази Баба, на Локалните избори – 2013 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Елаборатот за проценка на штети на подрачјето на Општина Гази Баба, од природната непогода (невреме) на 23.06.2013 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .13

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари – Јуни 2013 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15

**ОДЛУКА** за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за санација на ударните дупки на улиците во надлежност на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 35

**ЗАКЛУЧОК** за утврдување на Нацрт–Одлука за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба . . . . 37

**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план – Дел од Источна индустриска зона , ''Средношколски центар'', Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 39

**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план – Источна индустриска зона, Локалитет – ''ПИВАРА'', Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 43

**ИСПРАВКА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 47

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 11/13**
**7 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова 2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци